# ЧАС 3: МУЗИЧКА АНИМАЦИЈА

Во оваа активност ќе креираш музичка анимација. Ќе научиш да избираш инструменти, да додаваш звуци и да пуштат музика на клик. Потоа, ќе креираш сопствена музика. Проектот зачувај го под име vezba_2.

1. **Свирење на тапани**
2. **Создавање ритам**
3. **Анимација на тапани**
4. **Создавање мелодија**

## 1. Свирење на тапани

| | |
|---|---|
| Направи скрипта со која ќе можеш да свириш на инструментот „тапани“ со копче од тастатурата. |  |
| **А)** Избери заднина. |   Concert |
| **Б)** Избери тапан од категоријата музика (music). |  |
| **В)** Креирај го и изврши го програмскиот код.<br>Избери го звукот на тапанот од паѓачкото мени во наредбата **свири звук... (play sound...)**. |  |
| **Г)** Смени го копчето од тастатурата со кое ќе свириш тапани. Лев клик на стрелката во блокот **кога... е притиснато (when... key pressed)** и ќе се појави паѓачко мени со буквите и симболите од тастатурата. Со лев клик избери копче. |  |

## 2. Создавање ритам

| | |
|---|---|
| Креирај скрипта со која ќе се креира ритам. За таа цел треба да креираш низа на различни звуци на тапанот што ќе се повторуваат неколку пати. |  |
| **А)** Избери заднина. |   |
| **Б)** Избери тапани од категоријата музика (music). |   |
| **В)** Креирај го и изврши го програмскиот код.<br>Менувај го бројот на повторувања во наредбата **повторувај (repeat)**.<br>Менувај го бројот во наредбата **почекај... секунди (wait...secs)** за да видиш како се менува ритамот.<br>Менувај го звукот на тапаните во наредбите **свири звук... (play sound...).** |   |
| **Г)** Смени го копчето од тастатурата со кое ќе свириш тапани. Лев клик на стрелката во блокот **кога ... е притиснато (when... key pressed)** и ќе се појави паѓачко мени со буквите и симболите од тастатурата. Со лев клик избери копче. |   |

## 3. Анимација на тапани

| | |
|---|---|
| Направи скрипта со која ќе креираш ефект на анимација на тапанот. За таа цел ќе ги користиш маските (costumes) на фигурата тапани. |  |
| **А)** Избери заднина. |   |
| **Б)** Избери тапани од категоријата музика (music). |   |
| **В)** Кликни на јазичето **маски (costumes)** за да ги видиш маските на избраните тапани.<br><br>Со менување на маските во текот на програмата ќе се добие впечаток дека тапаните произведуваат звук.<br><br>Обиди се да ги менуваш боите на тапаните. |    |
| **Г)** Кликни на јазичето **скрипти (scripts)**.<br>Креирај го и изврши го програмскиот код.<br>Тапаните ќе свират со помош на левата стрелка од тастатурата.<br><br>Менувај ги звуците на тапаните, како и бројот на повторувања на мелодијата. |   |

## 4. Создавање мелодија

| | |
|---|---|
| Креирај скрипта со која ќе се слуша мелодија од некој инструмент. За таа цел треба да се креира низа од звуци што ќе се повторува неколку пати. |  |
| **А)** Избери заднина. |  |
| **Б)** Избери саксофон од категоријата музика (music). |  |
| **В)** Креирај го и изврши го програмскиот код.<br>Мелодијата ќе се слуша со притискање на стрелката за нагоре од тастатурата.<br>Избери различни ноти во наредбата **свири звук... (play sound...)** за да добиеш убава мелодија. |  |
| **Г)** Смени го копчето од тастатурата со кое ќе свириш саксофон. |  |

повеќе активности ќе најдете во вежбанката по предметот Работа со компјутер и основи на програмирањето за 4 одделение. со клик на сликата се овозмува пристап до интернет-страницата за нарачка.




resursi.literatura.mk